АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

# СТРУЧНО УПАТСТВО

**за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства**

Скопје, јануари 2006 година

## СТРУЧНО УПАТСТВО
**за начинот на пресметка на задолжителните ликвидни средства**

1. Со Одлуката за утврдување на процентот на ликвидни средства на друштво за управување со пензиски фондови (во натамошниот текст: Одлуката) е утврдено дека друштвото за управување со пензиски фондови (во натамошниот текст: друштвото) задолжително одржува ликвидни средства во износ не помал од 10% од основачкиот капитал.

2. Основата за пресметка на ликвидните средства од точка 1 на ова упатство се состои од денарски и девизни средства согласно Извадокот од сметките од контниот план на друштвото даден во Прилогот на ова упатство.

3. Друштвото е должно во секое време да го одржува задолжителниот износ на ликвидни средства. Задолжителниот износ на ликвидни средства претставува збир од состојбите на сметките дадени во Извадокот од сметките од контниот план на друштвото.

4. Друштвото до Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, доставува збир од состојбите на сметките од последниот ден од пресметковниот период, дадени во Извадокот од сметките од контниот план на друштвото за првото тромесечие, за првото полугодие и првите девет месеци во рок од 30 дена од последниот ден на пресметковниот период, а за целата година во рок од 90 дена од последниот ден на деловната година.

5. Ова упатство се применува од денот на влегување во сила на Одлуката за утврдување на процентот на ликвидни средства на друштвото.

Прилог

**Извадок од сметките од контниот план на друштвото**

Друштвата пресметуваат ликвидни средства кои се опфатени на следните сметки:

| | | |
|---|---|---|
| **10** | **-** | **Парични средства** |
| 100 | - | Жиро сметки |
| 101 | - | Издвоени парични средства и акредитиви |
| 102 | - | Благајна |
| 103 | - | Девизни сметки |
| 104 | - | Девизни акредитиви |
| 105 | - | Девизна благајна |
| **11** | **-** | **Хартии од вредност** |
| 110 | - | Чекови |
| 111 | - | Меници |
| 112 | - | Обврзници |
| 113 | - | Записи |
| 117 | - | Останати хартии од вредност |
| **15** | **-** | **Краткорочни финансиски вложувања** |
| 151 | - | Заеми на поврзани субјекти |
| 152 | - | Вложување во хартии од вредност за тргување |
| 153 | - | Дадени кредити, депозити и кауции |
| 157 | - | Останати краткорочни финансиски вложувања |

Бр. 02-66/4________
23 јануари 2006 год.
С к о п ј е

Претседател на Управниот одбор,
д-р Ана Павловска Данева, с.р.